Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво ИНОВА Скопје
Agjencia e inovacionit zhvillimit shkencor-teknologjik dhe sipërmarrjes INOVA Shkup
Број / Numër 02-455/1
Датум / Data 26.02.2026 год./viti.

ИНОВА

АГЕНЦИЈА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО – ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Кодекс за финансирање на жени претприемачи**

**Писмо за приклучување кон Кодексот**

Агенцијата за иновации, научно технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија - ИНОВА (во понатамошниот текст ИНОВА) со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот “), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, Министерството за Економија и труд на Република Северна Македонија се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, Министерството за Агенцијата за иновации, научно технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија - ИНОВА се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- Инова ја назначува Маја Петрова како лидер во Кодексот за финансирање на жени претприемачи, која ќе ја претставува организацијата во Националната коалиција и активно ќе учествува во работните групи.

- ИНОВА се обврзува да воведе мерки за еднаква вработеност, вклучително и преку обуки за вработените.

- ИНОВА ќе известува транспарентно за родовата еднаквост и поддршката за жените претприемачи во посебен дел од својот годишен извештај.

**Заложби за податоци:**

- ИНОВА ќе ја усвои и применува национално договорената дефиниција за ММСП водени од жени во своите операции и известување.

- ИНОВА се обврзува да собира и следи родово поделени податоци и редовно да ги доставува наодите до управниот одбор и Владата

**Заложби за активности:**

- ИНОВА се обврзува да го зголеми бројот и уделот на ММСП во сопственост или водени од жени во своето портфолио.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

**Со почит,**

Директор
Даниела Димовска
Агенција за иновации, научно технолошки развој
и претприемништво ИНОВА

26.02.2026 година